Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02, 82/2008, 167/10, 51/11, 96/2019 и 110/2019) и член 30 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот **ИСТОРИСКИ ИГРИ** за V одделение од шестгодишното основно балетско образование, според која ќе се реализира настава и во VIII одделение од деветгодишното основно балетско образование до завршување на учебната 2025/2026 година.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Наставна програма**

# ИСТОРИСКИ ИГРИ

**за V (пето) одделение**

шестгодишно основно балетско образование

Скопје, 2020 година

| | |
|---|---|
| Назив на наставната програма | **Историски игри** |
| Тип на наставна програма | Задолжителна |
| Година на изучување | V (пето) одделение |
| Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма | 2 часа / неделен фонд<br>72 годишен фонд |
| Цели на наставна програма | Општите цели на наставната програма по наставниот предмет класичен балет се ученикот/ученичката да се стекне со знаења и вештини за:<br>- Основните елементи на историските игри;<br>- Да стекне умешност за правилна техничка интерпретација на елементите на историските игри;<br>- Да развива пластичност и координираност на движењата;<br>- Да ја развива способноста за експресивна интерпретација на елементите на историските игри и нивните комбинации ;<br>- Да стекне способност за примена на стекнатото знаење во другите стручни подрачја на образовниот профил;<br>- Да стекне потребно знаења  за продолжување на стручното образование;<br>- Да развие позитивен став кон работата, упорност и истрајност во постигнувањето уметнички израз; |

| | |
|---|---|
| | - Да развие љубов кон историските игри и нивната традиција;<br>- Да ги организира и реализира комплетните движечки цртежи на игрите;<br>- Градење на лик, карактер, претстава преку танцови и движечки средства;<br>- Правилна ритмичка и кореографска изведба на танцови комбинации;<br>- Да развие способност за изведба на различен план (соло, во двојки, во групи) |
| **Наставни теми** | • Основни позиции<br>• Pas de grass<br>• Полка<br>• Валс |
| **Материјално-технички и просторни услови** | За постигнување на целите на наставната програма по **историски игри** задолжително е задоволување на просторните услови дефинирани според регулативата за изведување на овој тип на настава, односно, училишта од овој профил. Во однос на материјално-техничките услови задолжителна е реализација на наставата со пијано придружба . Моделите за реализација на наставата по овој предмет нужно претпоставуваат нагледни средства како видео запис, илустрации, фотографии, аудио помагала, користење на новите технологии и сл. |
| **Норматив на наставен кадар** | **Наставата по предметот Историски игри може да ја изведува лице кое завршило:**<br>• Студии по балетска педагогија, насока класичен балет , VII/1 или 240 ЕКТС;<br>• Студии по балетски педагогија, насока современ танц, VII/1 или 240 ЕКТС. |

| | Тема 1. ОСНОВНИ ПОЗИЦИИ (18 часа) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- ја зазема положбата на рацете одделно и заедно по дадени насоки,<br><br>- комбинира вежби со раце по дадени упатства и насоки,<br><br>- ја разбира и применува стилистиката на движењата на рацете | **Содржина**<br>**Положба на рацете**<br><br>Прва позиција,<br><br>Втора позиција ,<br><br>Трета позиција<br><br>**Поими:**<br>- Позиција на рацете<br>- Прва позиција,<br>- Втора позиција ,<br>- Трета позиција | **Активности:**<br><br>-објаснување и практична презентација на позициите на рацете кај историските игри;<br>- вежби за совладување на правилно поставување на стилските форми на одредена позиција на рацете;<br><br>**Форми на работа:** во групи, двојки и индивидулано<br>**Методи:**<br>- перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски падагог<br>- демонстрација на вежбата со активно | **Ученикот/ученичката ќе може да:**<br>1.1. демонстрира правилна поставеност на рацете<br>1.2.ги координира движењата на рацете и правилно ритмички ги изведува<br>1.3. изведува правилни стилски форми на рацете,<br>1.4. се изразува креативно и експресивно при изведба на танците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | включување на ученикот | |
| 2 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- постигнува правилна позиција на нозете по дадени насоки,<br><br>- разбира и применува елементарна координација на нозете, нозете и рацете и ги комбинира вежбите,<br><br>- ги следи и исполнува упатствата и правилата за изведба на елементите | **Содржина**<br>**Положба на нозете**<br><br>**Поими:**<br>- Втора позиција<br>-Трета позиција<br>- Четврта позиција<br>- Шеста позиција<br>- координација на рацете и нозете | **Активности:**<br>-објаснување и практична презентација на вежби за позиции на нозете;<br>- вежби за заземање и изведба на правилна положба на одредена позиција на нозете<br>-вежби за координација на рацете и нозете<br><br>**Форми на работа:** во групи, двојки и индивидулано<br><br>**Методи:**<br>- перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски педагог<br>- демонстрација на вежбата со активно включување на ученикот | **Ученикот/ученичката ќе може да:**<br>2.1. зазема правилна позиција на нозете<br>2.2. го координира движењето на нозете;<br>2.3. изведува вежби координација на нозете и рацете истовремено;<br>2.4.ги синхронизира движењата со одреден ритам; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- постигнува правилна положба на телото<br>- ја координира положбата и движењето на телото (торзото) со движењата на рацете и нозете<br><br>- разбира и применува стилско држење на телото<br><br>- креира комбинирани вежби синхронизирано со одреден зададен ритам | **Содржина:**<br><br>**Положба на телото**<br><br>**Поими:**<br>- координација на торзото и екстремитетите,<br><br>- стилска положба на телото | **Активности:**<br>- објаснување и практична презентација на стилска положба на телото (торзото),<br>- вежби за правилно држење на телото,<br>- вежби за координација на положбите и движењата на торзото со движењата на рацете и нозете<br><br>**Форми на работа:** во групи, двојки и индивидулано<br>**Методи:**<br>- Перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски педагог<br>- демонстрација на вежбата со интегрирање на ученикот | **Ученикот/ученичката ќе може да:**<br><br>3.1 зазема правилна положба на телото (торзото)<br>3.2. го координира движењето и правилното стилско држење на телото<br>3.3. изведува вежби за координација на движењата по дадени упатства<br>3.4. изведува сопствени комбинации на различни телесни вежби синхронизирно со одреден ритам |
| 4 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:** | **Содржина:**<br><br>**Поклон** | **Активности:**<br>- Објаснување и практична презентација;<br>- вежби за правилно | **Ученикот/ученичката ќе може да:**<br><br>4.1. зазема правилна положб на рацете при поклон |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -применува и користи елементарна координација вклучувајќи различни делови од телото ,<br><br>- ги следи и толкува упатствата и протоколите правилно и доследно | **Поими:**<br>- положба на раце<br>- положба на тело<br>- позиција на нозе, | изведување<br>- работа во групи, двојки и индивидулано<br><br>**Методи:**<br>- перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски педагог<br>- демонстрација на вежбата со интегрирање на ученикот | 4.2. комбинира различни положби и движења на рацете и нозете при изведување поклон<br>4.3. зазема стилско држење и наклон на телото при поклон<br>4.4. изведува стилски различни креации на поклонување |
| | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br>- го препознава основниот чекор на историските игри ,<br><br>- координирано и правилно работи со сите делови од телото при изведбата на основиот чекор | **Содржина:**<br><br>**Основен чекор во историскиските игри**<br><br>**Поими:**<br>- Основен чекор | **Активности:**<br>- Објаснување и практична презентација на основниот чекор;<br>- вежби за правилно изведување на основниот чекор;<br>- работа во групи, двојки и индивидулано.<br><br>**Методи:**<br>-перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски педагог | **Ученикот/ученичката ќе може да:**<br>1.1.го изведува основниот чекор во историските игри<br>1.2. комбинира работа на различни делови од телото при изведбата на основниот чекор |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | - демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | |

| | Тема 2. PAS DE GRASS (18 ЧАСА) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br>- го препознава, именува и објаснува елементот plie;<br>- постигнува правилни позиции на нозете,<br>- препознава и проценува правилна изведба и точна интерпретација во методолошка и музичка смисла кај себе и кај другите играчи | **Содржини:**<br>**Plie**<br><br>**Поими:**<br>- Полуклекнување во III позиции | **Активности:**<br>-Објаснување и практична презентација;<br>-вежби со plie ,<br><br>**Форми на работа:** групи, двојки и индивидулано<br><br>**Методи:**<br>- перцептивно-тактилна<br>- демонстрација на вежбата од страна на балетски педагог<br>- демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1 демонстрира правилна положба на нозе, раце и тело при изведба на plie<br>1.2 ја запазува правилната изведба на формите на Plie<br>1.3 применува правилна изведба во однос на ритмичкото разложување на елементот<br>1.4 ја достигнува формата на plié пропишана со правилата на историските игри |
| 2 | **Ученикот/ученичката ќе биде** | **Содржини** | **Активности:** | **Ученикот/ученичката може да:** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **способен/способна да:**<br><br>- препознва, именува и користи елементарната балетска терминологија поврзана со battement елементите<br>- правилно методски го исполни battemen<br><br>- правилно ритмички да ги исполни battemens<br><br>- може да препознае правилна изведба и точна интерпретација во методолошка и музичка смисла | **Battement tendu на страна**<br>- Battement tendu plie<br>- Battement tendu и полу прсти<br><br>**Поими:**<br>- работна нога,<br>- потпорна нога<br>- III позиција на нозе<br>- полуклекнување<br>- подигнување на полупрсти | - објаснување и практична презентација на battement;<br>- вежби со различните форми на елементот battement<br><br>**Форми на работа:** групи, двојки и индивидулано<br><br>**Методи:**<br>- перцептивно-тактилна<br>- демонстрација на вежбата од страна на балетски педагог<br>- демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | 2.1. демонстрира точна положба на нозете и поставка на телото<br>2.2. ја контролира правилната изведба на формите Battement<br>2.3.применува правилна изведба во однос на ритмичкото разложување на елементот battement<br>2.4. комбинира различни позиции, положби и поставки пропишани со изведбата на battement<br>2.5. постигнува телесна и ментална свесност за стилот и формите пропишани со правилата на историските игри |
| 3 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br>- именува и користи балетска терминологија<br>- постигне правилна изведба на зададените движења<br><br>- потенцира и акцентира делови кои треба да се активираат во | **Содржини:**<br>**Историска игра - Pas eleve**<br><br>-pas glisse<br>- pas chasse<br><br>**Поими:**<br>- лизгачки чекор во VI и III | **Активности:**<br><br>Објаснување и практична презентација;<br><br>- вежби<br><br>- комбинирани вежби во двојки | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>3.1. ги изведува правилно елементите pas glisse и pas chasse<br>3.2. ја применува и прецизно ја исполнува нормата пропишана со методиката на изведба на елементот<br>3.3. постигнува целосна изведба на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | изведбата<br><br>- точна интерпретација во методолошка и музичка смисла | позиција,<br><br>- менување на нозе во трета позиција преку ниски полупрсти | **Методи:**<br>- Перцептивно-тактилна<br>- демонстрација на вежбата од страна на балетски педагог<br>- демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | Pas eleve<br>3.4. користи соодветна експресија и артистичност во изведбата |
| 4. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br>- разбира и користи претходно изучена балетска терминологија<br>- применува правилна изведба на зададените елементи и пози<br><br>- постигнува точна интерпретација во методолошка и музичка смисла на играта Pas de grass | **Содржини:**<br><br>**Историска игра: Pas de grass**<br><br>**Поими:**<br>- полуклекнување - plie,<br><br>- отварање нога на страна battement tandu<br>- сврзано со plie | **Активности:**<br><br>- објаснување и практична презентација на играта;<br>- вежби за совладување на Pas de grass<br>- комбинирани вежби во двојки<br><br>**Методи:**<br>- перцептивно-тактилна<br>- демонстрација на вежбата од страна на балетски педагог<br>- демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>4.1. правилно користи балетска терминологија при изведба на елементите<br>4.2 ја применува и прецизно ја исполнува нормата пропишана со методиката на изведба на елементот<br>4.3. потенцира и покажува на делови кои треба да се активираат во изведбата<br>4.4. постигнува телесна и ментална кондиција за целосна изведба |

| Тема 3. ПОЛКА (18 часа) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br>- покаже умешност во одредување на точките во изведувачкиот простор<br>- го контролира и координира движењето при демонстрација на чекорот ballance | **Содржини**<br>**Balance**<br><br>**Поими:**<br>- Balance во место<br>- Со отварање нога на страна | **Активности:**<br>- објаснување и демонстрација на чекорот ballance<br>- вежби во двојки<br>**Методи:**<br>- презентација<br>- практична примена и проверка<br>- видео проекции | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1 демонстрира стабилност во поставеноста на рацете и нозете при изведба на чекорот ballance<br>1.2 ја извршува правилно изведбата на чекорот balance со контрола на тежишната точка |
| 2 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br>- ги препознае и именува различните положби на нозете изучени претходно<br>- ја координира положбата на рацете, нозете и телото при изведба на pas de basque | **Содржини**<br>**Pas de basque**<br><br>**Поими:**<br>- Pas de basque со движење напред<br>- Pas de basque со | **Активности:**<br>- објаснување и практична презентација на елементот;<br>- вежби за координација на нозе<br>- вежби за рацете во стоечка позиција,<br>- работа во двојки и индивидулано | **Ученикот/ученичката може да:**<br>2.1. ја повторува правилната форма на чекорот pas de basque<br>2.2. демонстрира интерпретација според зададени инструкции напред и назад<br>2.3. изведува pas de basque комбинации на новиот чекор со другите елементи со ритмичка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - ги комбинира преодите на нозете од позиција во позиција со други чекори и пози | движење назад | **Методи:**<br>- перцептивно-тактилна демонстрација на вежбата од страна на балетски падагог<br>- демонстрација на вежбата со вклучување на ученикот | поддршка<br>2.4. изведува pas de basque во пар |
| 3 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да :**<br><br>- моторички се изрази по зададена тема<br><br>- комбинира, поврзува и претстави чекори во конкретна танцова форма,<br><br>- практично демонстрира Тампет<br><br>-изгради и развие позитивниот став кон работата во група, во пар и самостојно | **Содржини:**<br>**Тампет**<br>Танцово асоцијативно изразување<br>- Мимичко, актерско изразување<br>- Изведба (соло и групна)<br><br>**Поими:**<br>- Лик<br>- Приказна<br>- Тема<br>- Мимика<br>- Актерски израз | **Активности:**<br><br>- тематско изразување преку различни изразни медиуми ( движење/танц, цртеж)<br>- реализација на зададена тема преку танцови движења,<br>- тематско дефинирање преку одредена музичка основа<br>- Поврзување на музичка и визуелна асоцијација<br><br>**Методи:** | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>3.1 покажува способност за асоцијативно размислување<br>3.2. креира позитивна атмосфера за работа и покажува капацитет за тимска работа<br>3.3. изведува Тампет како стилска игра со точно одредени движења и чекори<br>3.4. изведува Тампет во пар и групно |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | - практична кинестетичка изведба<br>- демонстрација на балетскиот педагог  со вклучување на ученикот | |
| 4 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да :**<br><br>- го зајакне чувството за музика и ритам<br>- демонстрира ритмички вежби<br>-комбинира ритмички вежби изведени со различни делови на телото во склад со мелодиско-ритмичка шема<br>-правилно примен и комбинира соло и во пар | **Содржини**<br><br>**Полка**<br><br>**Поими:**<br>- Полка на место<br>- Полка со движење напред<br>- Полка со движење назад<br>- Полка на страна<br>- Полка во круг<br>- Полка во пар | **Активности:**<br><br>- Вежби, етиди со примена на Balance и Pas de basque како вовед во Полка<br><br>- Комбинирани ритмички вежби со вклучување на различни делови на телото,<br><br>- Слушање и препознавање на музички мотив<br><br>**Методи:**<br>- демонстрација на вежбата од страна на балетски падагог<br>- демонстрација на балетскиот педагог  со вклучување на ученикот | **Ученикот/ученичката може да:**<br>4.1. правилно ги примени и демонстрира  зададените ритмички задачи<br>4.2. слуша и препознава  ритам на Полка<br>4.3. препознава музички мотиви поврзани со конкретен тематски материјал<br>4.4. ја следи движечката пулсација во склад со музичката<br>4.5 изведува умешно Полка со музичко ритмичка позадина, во пар, со доследно почитување на стилси движења и чекори |

| Тема 4. ВАЛС (18 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување** |
| **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да**<br><br>- развие координација и владее со просторните координати,<br>- ги развие своите вештини во делот на танцовото изразување, | **Содржини:**<br>**Pas gallop**<br>- Pas glisse<br>- Потскок<br>**Поими:**<br><br>- Pas gallop<br>- Pas glisse<br>- Потскок | **Активности:**<br><br>- Танцова импровизација<br>- Композиција (комбинација од чекори),<br>- Елементарна композиција на Pas gallop<br><br>**Методи:**<br>- Импровизација<br>- Групна и индивидуална<br>- Демонстрација на танцот од страна на балетски педагог | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1. ги демонстрира доследно изучените чекори и елементи ,<br>1.2. демонстрира способност за просторна ориентација при изведба во група и во пар<br>1.3. препознава и правилно го исполнува карактерот на pas gallop<br>1.4. исполнува уметничка интерпретација на pas gallop во брзо темпо |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да**<br><br>- ги препознава и разликува претходно изучените чекори и елементи потребни за валс,<br>- координирано владее со просторните координати,<br>- игра валс со сите елементи и чекори, уметничка особеност и изразност | **Содржини**:<br>**Валс**<br>**Валс Миньон**<br><br>**Поими:**<br>- Валс свртување на десно за женски<br>- Валс свртување на десно за машки<br>- Валс свртување на лево за женски<br>- Валс свртување на лево за машки<br>- Валс во пар | **Активности:**<br>- Танцова импровизација<br>- Композиција (комбинација на чекори),<br>- Елементарна композиција на Валс<br>- Композиција на Валс Миньон<br>**Методи:**<br>- Импровизација<br>- Групна и индивидуална<br>- Демонстрација на танцот од страна на балетскиот педагог | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>2.1. демонстрира просторна ориентација при изведба во група и во пар<br>2.2.правилно и сигурно ги исполнува чекорите на валсот<br>2.3.изведува валс со посебен акцент на карактерот и стилот на играта<br>2.4. исполнува уметничка интерпретација на валс со делови на експресивна импровизација |

| Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да | Содржини: | Активности: | Ученикот/ученичката може да: |
|---|---|---|---|
| - ги препознава и разликува претходно изучените чекори и елементи потребни за совладување на Полонеза<br>- координирано владее со просторните координати при изведба на Полонеза,<br>- ги применува своите вештини во делот на танцовото изразување при играње Полонеза | **Полонеза**<br><br>**Поими:**<br>- Полонеза основен чекор<br>- Полонеза во пар | - Вежби со основен чекор<br>- Танцова импровизација<br>- Композиција (комбинација од чекори),<br>- Елементарна композиција на Полонеза<br><br>**Методи:**<br>- Импровизација<br>- Групна и индивидуална<br>- Демонстрација на танцот од страна на балетскиот педагог | 3.1. ги повторува изучените чекори и елементи потребни за Полонеза<br>3.2. демонстрира способност за просторна ориентација при изведба на полонеза во група и во пар<br>3.3.интерпретира полонеза и го запазува карактерот и стилот на играта<br>3.4. покажува способност за уметничка интерпретација и соодветна импровизација |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | За да се оценат постигнувањата на ученикот/ученичката неопходно е:<br>- да се согледа иницијалната состојба на ученикот/ученичката (согледување на неговите природни предиспозиции );<br>- да се следи континуирано ученикот/ученичката за да се добијат сознанија за неговиот напредок, развој, степенот на разбирање на поимите и правилата за нивна примена, оспособеноста за |

| | |
|---|---|
| | реализација на зададените задачи;<br>- континуирано следење на односот на ученикот/ученичката кон работата, соработката со врсниците, покажаната иницијативност, љубопитност, самостојност, точност во искажувањето и истрајност во извршувањето на обврските;<br>- континуирано утврдување и проверка на стекнатите знаења, способности и вештини во предвидените содржини.<br>Оценувањето на постигањата на учениците ќе биде со бројчана оценка (од 1 до 5). Постигнувањата на учениците се оценуваат континуирано во текот на наставниот процес. На крајот на првото и третото тромесечие се спроведува колоквиум пред комисија. Наставникот преку годината подготвува полугодишен и годишен контролен испит кој се оценува комисиски. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | Учебна 2020/2021 година |
| **Институција/ носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр. 12-5971/11**<br>**17.08.2020 година** **МИНИСТЕР**<br>**Dr. Arbër Ademi**<br>____________________ |